# Регионална работилница „Промовирање на меѓународни стандарди за третман на жени затвореници” 15 и 16 декември 2014 година

Во периодот од 15 до 16 декември во Виена, во организација на (United Nations Office on drogs and crime) UNODC се одржа регионална работилница со наслов: **„Промовирање на меѓународни стандарди за третман на жени затвореници**”, за земјите од Југоисточна Европа на која што присуствуваа делегации од Република Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Назначените делегати од Република Македонија, од кои двајца претставници од Управата за извршување на санкциите и еден претставник од затворскиот систем, ги презентираа позитивните постигнувања во третманот на жени осудени лица во земјата, планираните стратешки активности, како и предизвиците за наредниот период од областа на третманот на жените, а во насока на апроксимација со меѓународните стандарди поставени со ОН Правила за третман на жени затвореници (Банкок правила) „United Nations Rules for the Treatment of Women Prisoners and Non-custodial Measures for Women Offenders (the Bangkok Rules)“.

